Бр./Nr 12-1895/1
04-05-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-1976/1 од 15.07.2025 година, против КЈП Водовод ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот поради тоа што за предметниот случај постапил надлежен орган.

Предметот со бр. 12-1976/1 од 15.07.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 15.07.2025 година, поднесена е пријава против КЈП Водовод ---- и оформен е предмет бр. 12-1976/1 од 15.07.2025 година. Подносителот на пријавата укажува дека КЈП Водовод ---- имало распишано јавна набавка со број на оглас ---- /2025 за набавка на мобилна телефонија. Според подносителот, лицето одговорно за подготовка на техничката спецификација намерно со цел да биде фаворизиран телефонскиот ---- ги додал пакет 6 и пакет 7 во техничките спецификации. Според подносителот на

пријавата овие пакети би требало да бидат оддвоени од претходните пакети со оглед на тоа дека овде станувало збор за технички потребни пакети за приклучок на специјализирани уреди за мерење на проток на вода, кои биле надвор од телефонски линии и комерцијална употреба на телефонски пакети. Ваквите пакети биле строго наменски и претставувале ограничувачки фактор во спорната јавна набавка. дополнително, одговорното лице за техничката спецификација, ---- оддржувало блиски контакти со лица кои ја имаат изготвено техничката спецификација од ---- за истата да соддржи и други ограничувачки фактори во делот на техничката спецификација за да може истите да бидат исполнети само од фаворизирираниот оператор. Во пријавата не е наведено за кои лица се работи.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК изврши увид на веб-страната на Државната комисија за жалби по јавни набавки. Видно од Решение бр. ----/12 од 03.09.2025 година, жалбата на жалителот „---- " АД Скопје изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда од 09.07.2025 година, донесена по Оглас за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр. ----/2025 за набавка на услуги - Мобилна телефонија на договорниот орган КЈП Водовод ----, била усвоена, а одлуката и постапката по Оглас за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр. ----/2025 за набавка на услуги - Мобилна телефонија на договорниот орган КЈП Водовод ----биле поништени.

Државната комисија за жалби по јавни набавки ги ценела за основани жалбените наводи според кои договорниот орган во постапката на евалуација на понудите постапил спротивно на Законот за јавните набавки и барањата и условите на тендерската документација, односно дека договорниот орган извршил неправилна евалуација на понудите и постапил спротивно на член 109 од Законот за јавните набавки. Државната комисија за основан го ценела жалбениот навод кој се однесува на прифатливоста на техничката понуда на избраниот понудувач. Имено, со увид во ЕСЈН, Државната комисија утврдила дека избраниот најповолен понудувач изготвил техничка понуда спротивно на бараните технички карактеристики, односно во истата навел финансиски елементи. Оттука, вака изготвената техничка понуда не била согласно тендерската документација и техничката спецификација, со што ваквата понуда била неприфатлива. Државната комисија постапувајќи по службена должност

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

согласно член 141 став 1 од Законот за јавните набавки утврдила дека договорниот орган изготвил Образец на техничка понуда која не била согласно техничкатаспецификација. Договорниот орган при објава на оглас требало да прикачи образец на техничка понуда и истиот претставува клучен документ преку кој понудувачите ги презентираат деталите и минималните карактеристики на понудената стока, услуга или работа. Поточно со вака изготвената техничка понуда не дал јасни насоки и доволно прецизни информации како истата да биде изготвена од страна на понудувачите, со што довело до доставување на неспоредливи понуди. Имено, договорниот орган бил должен да изготви техничка понуда која ќе биде во согласност со техничката спецификација и во која ќе бидат барани минималните и максималните параметри согласно член 81 и 82 од Законот за јавните набавки.

Според член 130 став 1 алинеја 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 87/2021 и 14/2025), Државната комисија за жалби по јавни набавки е надлежна за: решавање по жалби во постапките за јавни набавки пропишани со овој закон. Согласно член 141 став 1 од Законот за јавните набавки во жалбената постапка Државната комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност задолжително проверува дали се сторени битни повреди од ставот (2) на овој член.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот, односно дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган (ДКЖЈН), и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р. Б.К.Ш. Член на ДКСК